Наративен извештај за јануари 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

На почетокот на 2019 година, од страна на Директорот за државни патишта Зоран Китанов на одржана седница на Владата на Република Македонија беше презентирана Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година на Јавното претпријатие за државни патишта и истата беше усвоена на Владата на Република Македонија. Во остварување на агендата на директорот на ЈП за државни патишта, активностите за месец Јануари продолжија со одржување на прес конференција во Секретаријат за европски прашања, на која што присуствуваа Заменик претседателот на Влада на РМ, задолжен за европски прашања Бујар Османи, Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески и Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов, кој имаше свое обраќање на тема: Почетокот на проектот за проектирање и изградба на автопатот А4 Делница ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец) каде што потенцира дека Изградбата на автопатот ГП Блаце – Скопје, со вкупна должина од околу 12,5 км., е еден од најзначајните приоритети на Владата на Република Македонија.

Во Влада на Република Македонија се одржа прес конференција за презентација на автопатишта, експресни и регионални патни правци, на која говорници беа Претседателот на Владата на РМ, Зоран Заев, Заменик Претседателот на Влада на РМ, задолжен за економски прашања Кочо Анѓушев, Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов, каде што детално беа презентирани патиштата кои се во изградба, реконструкција и рехабилитација, проектирањата, изградбата на новите наплатни станици на коридор 8 и 10, санација на свлечишта, како и изградба и реконструкција на мостови. Директорот исто така напомена дека паралелно течат припремите и имплементацијата на проектите како што се RAMS, ROADS SAFETY, BRIDGE MANAGEMENT и др.

Направена е посета на Наплатната станица Петровец од страна на Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески и Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов. Наплатната станица Петровец е централна станица со поголем опфат и капацитет, како и најголем број на наплатни места. Во рамките на наплатната станица Петровец предвидена е зграда за Контролен центар преку кој ќе може да се контролираат сите наплатни станици опфатени со овој проект долж коридор 10 и перспективно за Наплатните станици по Коридор 8. Објектот е лоциран во општина Петровец, веднаш до наплатната станица.

Беше усвоен Планот за јавни набавки на Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година од страна на Управниот одбор на ЈП за државни патишта. Планот за јавни набавки е изработен спрема потребите утврдени со Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година.

Усвоена и донесена е Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2019 година со ЈП Македонијапат. Јавното претпријатие за државни патишта работите кои се однесуваат на одржување и заштита на државните патишта за 2019 година со Договор ги отстапува на ЈП Македонијапат.

Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов направи увид на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип, каде што се превземаат активности за ставање на автопатот во употреба.